UNVIVERSITY GOCE DELCEV – STIP
FACULTY OF LAW

# STUDENT'S SOCIAL SCIENCE JOURNAL



YEAR 2019, ISSUE NUMBER 7

GOCE DELCEV UNIVERSITY – STIP
FACULTY OF LAW

ISSN 2545-4021

# STUDENT'S SOCIAL SCIENCE JOURNAL

ISSUE 7 VOLUME VII

YEAR 2019

**STUDENT'S SOCIAL SCIENCE JOURNAL**
**FACULTY OF LAW**
**UNVIVERSITY GOCE DELCEV – STIP**

**Year 2019, Issue Number 7**
**ISSN 2545-4021**

**Publisher:**
prof. Jovan Ananiev, Ph.D

**Editorial Board**
prof. Blažo Boev, Ph.D
prof. Liljana Gudeva – Koleva, Ph.D
Risto Kostruranov, LL.M
prof. Jovan Ananiev, Ph.D
Ass. Prof.Ana Nikodinovska Krstevska, Ph.D

**International Editorial Board**
**Ivan Ilic**
Faculty of Law, University in Nis, Serbia
**Agim Nuhiu**
Faculty of Law, State University of Tetovo, Macedonia
**Dunja Duić**
Faculty of Law in Osijek, Croatia
**Olga Koshevaliska**
Associate professor at the Faculty of Law
Goce Delchev University in Shtip, Macedonia
**Elena Maksimova**
Assistant professor at Faculty of Law,
Goce Delchev University in Shtip, Macedonia
**Ana Nikodinovska Krstevska**
Assistant professor at Faculty of Law,
Goce Delcev University in Shtip, Macedonia
**Olga Sidenko**
Senior lecturer in political science at Voronezh state University,
Lecturer at Voronezh State University, Russia
**Dimitar Apasiev**
Assistant professor at the Faculty of Law,
University Goce Delcev – Shtip, Macedonia
**Andon Majhoshev**
Associate professor at the Faculty of Law,
University Goce Delcev – Shtip, Macedonia
**Darya Scheglova,**
Senior lecturer in political science at Voronezh state University,
Lecturer at Voronezh State University, Russia
**Boryana Aleksandrova**
Sofia University "St. Kliment Ohridski", Bulgaria;
Faculty of Law, Department for International Law and International Relations, Bulgaria
**Giorgia Bevilacqua**
National Research Council, Institute for Research on Innovation and Services for Development ", Italy
**Nives Mazur Kumrić**
Faculty of Law, University of Liège, Belgium
**Iskren Ivanov**
Senior Lecturer at Sofia University "St. Kliment Ohridski"

**Editorial Staff**
Ass. Prof. Ana Nikodinovska Krstevska, Ph. D
Ass. Prof. Elena Maksimova, Ph. D
Irena Mancheva, student

**Editor in chief**
Ass. Prof. Ana Nikodinovska Krstevska, Ph. D

**Language editor**
Vesna Ristova
(Macedonian language)

**Technical editor**
Slave Dimitrov

**Address of the Editorial office**
University Goce Delcev – Stip
Faculty of Law
ul."Krste Misirkov" 10-A PO.BOX 201
PO. Box 201, 2000 Stip
Republic of Macedonia

# С О Д Р Ж И Н А

**АНАСТАСОВА Весна**
*Формални механизми за контрола и примена на меѓународните стандарди на трудот* ............3

**ДИМЕСКА Наташа**
*Протоколи на интервјуирање на социјалниот работник на дете - жртва на полов напад* ....11

**ДОНЕВА Наташа**
*Меѓународно воено /хуманитарно право* ........................................................................29

**ЃЕНОВСКА Анкица**
*Демократските капацитети и стуктурнаta поставеност на советите на општините во источно-плански регион* ........................................................................41

**INFANTE Ilaria**
*Riflessioni sul principio dell'immunità giurisdizionale delle organizzazioni internazionali a seguito della sentenza "jam et al. V. International finance corporation" della corte suprema degli stati uniti.* ........................................................................69

**КОЦЕВА Анастазија**
*Истанбулската Конвенција – за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство* ........................................................................75

**МИЛЕВ Благој**
*Пренос на ризикот од случајно пропаѓање или оштетување на предметот кај договорот за продажба* ........................................................................85

**МИЛИНКОВИЌ Мартин**
*Право на правично судење* ........................................................................95

**МИТЕВСКИ Андреј**
*Историски развој на затворскиот систем во САД* ........................................................................103

**НЕДЕВ Иван**
*Кривично дело - силување* ........................................................................111

**ПЕТКОВСКА Сања**
*Одговорност за материјални недостатоци на предметот на продажбата во договорот за продажба* ........................................................................121

**СИМОНОВ Александар**
*Анализа на Шмитовата концепција „пријател и непријател“ и нејзина примена во меѓудржавните односи* ........................................................................129

**ТРАЈКОВСКА АНЧЕВСКА Жаклина**
**ДИМЕСКА Наташа**
*Фактори кои влијаат на квалитетот на живот и социјалната инклузија и нивно различно дефинирање* ........................................................................137

**ПЕТКОВСКА Сања** **УДК: 347.447.54-057.33:347.451(497.7)**

# ОДГОВОРНОСТ ЗА МАТЕРИЈАЛНИ НЕДОСТАТОЦИ НА ПРЕДМЕТОТ НА ПРОДАЖБАТА ВО ДОГОВОРОТ ЗА ПРОДАЖБА

**Апстракт:** Договорот за продажба преставува најважен договор во областа на прометот на стоки и услуги. Овој договор е двострано-обврзувачки бидејќи со неговото склучување настанува права и обврски и за продавачот и за купувачот, каде што и двете договорни страни се и доверители и должници. Истиот претставува основен правен инструмент на меѓународната размена, па затоа има голема улога и во домашниот и меѓнародниот стоковен промет. Релевантноста на овој тип договор се рефлектира и во фактот дека тој е единствениот институт во поглед на што е постигната целосна унификација на правниот режим на меѓународното ниво. Правата и обврските од договорот за продажба произлегуваат и во делот на материјалните и правните недостатоци на стварите коишто се предмет на продажба. Имено, продавачот одговара за оние материјални недостатоци на предметото што тој ги имал во моментот на преминување на ризикот врз купувачот, без оглед дали тоа нему му било познато. Продавачот одговара и за оние материјални недостатоци што ќе се појават по преминување на ризикот врз купувачот, доколку се последица од причина што постоела пред тоа.

**Клучни зборови:** *Договор за продажба, надомест на штета, исполнување на договор, раскинување на договор, купувач, продавач*

**PETKOVSKA Sanja** **UDK: 347.447.54-057.33:347.451(497.7)**

# RESPONSIBILITY FOR MATERIAL DISPOSALS ON THE SALE OF THE SALE IN THE CONTRACT FOR SALE

**Abstract:** Sales agreement represents the most important agreement in the field of trade of goods and services. This contract is bilateral binding because its conclusion arises rights and obligations and the seller and buyer, where both parties are creditors and debtors. The same agreement is the basic instrument of law for international exchange, so that is why it has big role in the domestic and international turnover. The relevance of these type agreement is reflects in the fact that he is the only institute that has achieved whole unification in the law mode in international field.

The rights and obligations of the sale agreement arise in the part of the material and legal defects of the items that are the subject of sale. Namely, the seller is liable for the material defects of the object he had at the time of transferring the risk to the buyer, regardless of whether he knew it. The seller is also responsible for those material defects that will arise after switching the risk on the buyer, if it is due to the reason it existed before.

**Keywords:** *Sales contract, compensation, fulfillment of contract, termination of contract, buyer, seller*

## 1. Договор за продажба

Во споредбентото право и во трговската практика, за означување на договорот за продажба се употребуваат разновидни термини, па така во римското право за негово означување се користела терминологијата купување – продавање, а пак во средноевропските држави се корисити терминологијата – купопродажба.

Договорот за продажба преставува најважен и најстар договор во обласа на прометот на стоки и услуги, било во внатрешниот промет, било во меѓународниот промет. Овој договор кај нас е регулиран со Законот за облигациони односи, па законската формулација овој догововор се дава во одредбата на следниот начин:

> *„Со договорот за продажба продавачот се обрзува предметот што го продава да му го предаде на купувачот, така што купувачот да стекне право на сопственост, а купувачот се обрзува да му ја плати на продавачот цената."*[1]

Од ваквата формулација на договорот за продажба произлегува дека тој е облигационо-правен договор којшто е консензуален, двострано-обрзувачки, каузален, по правило неформален и именуван договор на обилигационото право. Договорот за продажба како двострано-обврзувачки договор со неговото склучување создава права и обврски и за продавачот и за купувачот, така што кај овој договор и двете договорни страни, односно и продавачот и купувачот во исто време се и должници и доверители.

Во внатрешниот промет, како страни на договорот за продажба, можат да се појават како физичките, така и правните лица, кои се предвидени со Законот за трговски друштва, а тоа се трговец поединец и различните видови трговски друштва, како и државата преку своите органи и тела.

За да се смета за склучен договорот за продажба, потребно е странките да се согласат, пред сè, за битните елементи на договорот. Битните елементи се, всушност, основните елементи на еден договор без кои тој не може да постои и поради кои, всушност, договорот се склучува. Кај договорот за продажба двата елемента кои по својата природа се суштествени за него се предавањето на стварта и плаќањето на цената за стварта.[2]

Предмет кој е на договор за продажба, мора да биде во промет, така што е ништовен договорот за продажба на предмет кој е надвор од промет. Продажбата може да се однесува и на некој иден предмет. Доколку не е нешто друго договорено, продавачот не е должен да го предаде предметот додека купувачот не му ја исплати цената за производот истовремено, па така и купувачот има за право да не ја исплати цената додека не добие можност да го провери предметот кој го купува.

Главна или основна обрска која законодавецот за продавачот ја пропишал во Законот за облигациони односи е предавањето на предметот на продажбата на купувачот, но освен оваа основна обрска, законодавецот за продавачот предвидел и низа на други обврски, како на пример обврската на продавачот да му гарантира на купувачот за физичките и правните својства на продадениот предмет.

---

[1] Член 442 став 1 од ЗАКОН ЗА ОБЛИГАЦИОНИ ОДНОСИ (Службен весник на РМ број 18/2001, 4/2002, 5/2003, 84/2008, 81/2009, 161/2009, 123/2013).

[2] Наталија Иванова, Обврските на купувачот во домашното и меѓународното право, магистерски труд издаден 2014 година, стр. 25.

Токму обврската на продавачот да му гарантира на купувачот за материјалните својства на продадениот предмет.

## 2. Одговорноста за материјалните недостатоци во договорот за продажба

Општото правило за одговорност за материјалните недостатоци на исполнувањето кај двостраните договори е поставено во одредбата од член 110 од Законот за облигационите односи според кој кај договорот со надомест секој договарач одговара за материјалните недостатоци на своето исполнување.

Во Законот за облигационите односи определувањето на тоа што всушност преставува материјален недостаток кој гласи:

*,,Недостаток постои:*

1) *Ако предметот ги нема потребите својства за негова редовна употреба или промет;*
2) *Ако предметот ги нема потребните својства за особена употреба за која го набавува купувачот, а која му била позната на продавачот или морала да му биде позната;*
3) *Ако предметот ги нема својствата и одликите што се изречно или премолчно договорени, односно пропишани и*
4) *Кога продавачот предал предмет кој не е соодветен на мострата или на моделот освен ако мострата или моделот се покажани само заради известување.”*[3]

Согласно овие одредби за да посотои одоговорност за материјални недостатоци на продадениот предмет не е доволно само да постои некој од претходно наведените четири видови на материјални недостатоци, туку е потребно и таквиот недостаток да не преставува незначителен недостаток, бидејќи таквите недостатоци не се третираат како материјални недостатци и е потребно недостатокот да посотел кај предметот на продажбата пред ризикот од пропаѓање на предметот да премине од продавачот врз купувачот или пак материјалниот недостаток да се појави по преминувањето на ризикот врз купувачот, но таквиот материјален недостаток да настанал поради причина која постоела во моментот на преминувањето на ризикот од продавачот врз купувачот.

Има неколку исклучоци во одговорноста на продавачот за материјалните недостатоци на продадениот предмет, односно законот предвидува исклучоци согласно кои и во случај да предметот на продажбата во моментот на преминување на ризикот врз купувачот имал некој конкретен материјален недостаток, сепак продавачот не одговара за истиот, ако таквиот материјален недостаток во моментот на склучувањето на договорот за продажба му бил познат на купувачот или не можел да му остане непознат, а при тоа се смета дека материјалниот недостаток не можел да му остане непознат на купувачот ако е од таква природа што го прави лесно забележлив при вообичаен преглед од страна на лице со просечно знаење и искуство и со исто занимање и струка како купувачот. Продавачот одговара за недостатоците коишто купувачот можел лесно да ги забележи ако изјавил дека предметот нема никакви недостатоци или дека предметот има определени својства или одлики.[4]

---

[3] Член 467 од ЗАКОН ЗА ОБЛИГАЦИОНИ ОДНОСИ.

[4] Дејан Мицковски, Склучување и престанок на облигациони  односи, магистерски труд, издаден Кичево 2017 година, стр. 55.

Кога по приемот на предметот од страна на купувачот ќе се покаже дека предметот има некој недостаток што не можел да се открие со вообичаениот преглед при преземањето на предметот, купувачот е должен за тој недостаток да го извести продавачот за рок од осум дена кога го открил тој недостаок, а кај трговски договор се известува продавачот веднаш без одлагање.

Поради вака предвидениот исклучок од одговорноста на продавачот за материјалните недостатоци, неминовно е наметната потребата законот да наметне обврска на купувачот задолжително да го прегледа предметот на продажбата.

Купувачот има обврска веднаш штом тоа е можно на вообичаен начин да изврши преглед на предметот на продажбата и за видливите недостатоци да го извести продавачот, со тоа што известувањето треба да го направи веднаш ако станува збор за преглед на предметот на продажбата кој се врши во присуство и на продавачот и на купувачот, а ако прегледот на предметот на продажбата се врши во одстуво на продавачот „известувањето” [5] за воочените недостатоци треба да биде направено во рок од 8 дена или веднаш (без одлагање), доколку станува збор за трговски договор за продажба, а сето тоа под закана за купувачот дека доколку не постапи согласно наметнатата обрска за преглед на предметот на продажбата и навременото известување за воочените материјални недостатоци, да ги изгуби правата што законот инаку му ги гарантира по основ на материјални недостатоци.

Често во секојдневната пракса се случува предметот на продажбата да имал некој конкретен материјален недостаток кој како таков постоел во моментото на преминувањето на ризикот врз купувачот и кој материјален недостаток поради својата природа не можел да се забележи при вообичаениот преглед на предметот, туку тој конкрететн материјален недостаток ќе биде забележан дополнително по веќе извршеното предавање на предметот. За материјални недостатоци се употребува и терминот ,,скриени недостатоци“ и предвидува дека продавачот има одговорност и за материјалните недостатоци кои постоеле во моментот на предавањето на предметот, но кои недостатоци не можеле да се забележат при вообичаениот преглед на предметот на продажбата, со тоа што и во случајот на одговорноста за скриените недостатоци законот повторно предвидува обрска на купувачот за откриените скриени недостатоци да го извести продавачот во рок од 8 дена, а кај трговските договори без одлагање, односно веднаш штом тоа е можно, бидејќи во спротивно би ги изгубил правата што инаку го следуваат по основ на материјални недостатоци.

Сепак за да се се допринесе кон што поголема правна сигурност во правниот промет, законодавецот не оставил одговорноста за скриените материјални недостатоци да биде бесконечна, односно во Законот за облигационите односи се предвидува дека одговорноста на купувачот за скриените недостатоци се однесува само на недостатоците кои ќе се појават во првите шест месеци по предавањето на предметот на продажбата, освен ако самите договорни страни не се договорат за некој подолг рок на одговорност за скриените недостатоци.

Основна со кои се уредува одговорноста на продавачот за материјалните недостатоци на предметот на продажбата, несомнено е да се постигне еднаквост т.е. еквавилентоност на давањата помеѓу договорните страни на договорот за продажба,

[5] Член 442 од ЗАКОНОТ ЗА ОБЛИГАЦИОНИ ОДНОСИ- (1) Во известувањето за недостатокот на предметот купувачот е должен поблиску да го опише недостатокот и да го повика продавачот да го прегледа предметот.
(2)Ако известувањето за недостатокот кое купувачот навремено го испратил до продавачот со препорачано писмо, телеграма, или на некој друг сигурен начин, задоцни или воопшто нестигне до продавачот, се смета дека купувачот ја извршил својата обврска да го извести продавачот.

односно преку овој вид на одговорност треба да се исправи нарушениот принцип на еднаквост на земаните давања, којшто пак принцип е нарушен поради фактот што купувачот за цената што согласно склучениот договор за продажба ја платил на продавачот од истиот не добил предмет со својства и карактериски како што впрочем било договорено со договорот. Вака нарушениот принцип на еднаквост на заемните давања се исправува преку законско предвидување на неколку права кои го следуваат купувачот во случај да постојат материјални недостатци на предметот на продажбата за кои материјални недостатоци согласно погоре образложените законски одредби се исполнети сите законски предуслови за да постои одговорност на страната на продавачот.

Така ЗОО, гарантира права на купувачот во случај на постоење на материјални недостатоци за кои одговара продавачот ги предвидува следниве права:

- Да бара исполнување на договорот;
- Право на купувачот да бара намалување на цената;
- Право на купувачот да изјави дека го ракинува договорот за продажба и, конечно
- Да бара надоместување на штетата којашто ја претрпел.[6]

Овие права купувачот може да ги врши по свој избор, односно купувачот е тој којшто избира дали поради материјалниот недостаток на предметот на продажбата ќе бара исполнување на договорот, намалување на цената или ќе бара раскинување на веќе склучениот договор за продажба, но таквото право на избор на купувачот е алтернативно, а не кумулативно. Ова значи дека купувачот може да избере да оствари едно од понудените три права, а во никој случај немоше да му се дозволи паралено да оставри две или три од овие пропишани права.

Ако земеме во предвид дека целта на купувачот била да склучи договор за продажба со продавачот сè со цел да набави предмет како оној што согласно договорот е предмет на продажбата, несомнено е дека од трите понудени права на купувачот основно би било правото да бара исполнување на договорот, како би можел на крај повторно да ја остари својата цел поради којашто решил да пристапи кон склучување на таков договор. Остварувањето на договорот може да се оствари на два начина, односно купувачот може да побара остранување на недостатоците од предметот на продажбата кој му е веќе предаден или да бара предавање на друг таков предмет кој што ќе нема недостаток. Дали ова право ќе биде остварено на првиот или вториот начин зависи од многу фактори како што се: возможноста за отсранување на недостатоците од веќе предадениот предмет, возможноста да му се предаде ист таков предмет, но без недостатоци, дали предметот на продажбата е индивидулано или родово определен предмет и слично.

Доколку купувачот избрал да бара исполнување на договорот, но не успеал да го остари тоа свое право, односно доколку продавачот не ги остранил недостатоците од предметото на продажбата или не му предал ист таков предмет, но без недостатоци, купувачот има право да избира помеѓу останатите две права, односно може да избере да го раскине договорот или пак да побара намалување на цената.

За да се изврши полноважно раскинување на договорот за продажба поради материјални недостатоци на предметот на продажбата, Законот за облигациони односи предвидува неколку предуслови, односно купувачот може да го раскине договорот за продажба дури откако од продавачот ќе побара во разумен рок да му го исполни

[6] д-р Борка Тушевска, скрипта по Трговско право, Универзитет „Гоце Делчев“ Штип, 2011.

договорот преку остранување на недостатоците или преку предавање на ист предмет без недостатоци, па доколку продавачот не го исплни договорот во тој разумен рок, купувачот може поради тој конкретен материјален недостаток да го раскине договорот за продажба. Се предвидува можност и загубење на правото на купувачот да бара раскин на договорот поради материјалните недостатоци на предметото на продажбата, а тоа е во случај купувачот да не е во состојба да го врати предметото на продажбата поради тоа што веќе го потрошил, уништил или слично.

Кога станува збор за намалување на цената како едно од правата на купувачот во случај на материјани недостатоци на предметот на продажбата, Законот за облигациони односи предвидува дека намалувањето на цена се врши според сразмерот меѓу вредноста на предметот без недостаток и вредноста на предметот со недостаток во време на склучување на договорот.

Во секој случај независно од тоа кое од претходно образложените три права ќе го искористи купувачот, истиот има право да бара и надомест на штета којашто ја претрпел поради материјалните недостатоци на предметот на продажбата.

Одговорноста на продавачот за оваа штета не зависи од неговата вина, односно тој одоговара за ваквата штета по основ на материјалните недостатоци на предметот на продажбата, а не по основ на вина. Но значајно е тоа што, купувачот има право на надомест на штета поради материјалните недостатоци на предметот на продажбата само во случај кога има и право да бара исполнување на некое од трите права кои го следуваат по основ на материјални недостатоци, ако поради некоја причина купувачот ги изгуби правата по основ на материјални недостатоци истиот го губи и правото на надомест на штета по овој основ.

На крај од оваа излагање значајно е да се спомене и дека купувачот своите права, по основ на материјалните недостатоци за кои уредно го известил продавачот, може да ги остварува најдоцна во рок од една година од известувањето, а по истекот на тој рок купувачот единствено може доколку сè уште не ја исплатил цената да бара нејзино намалување или да му се надомести штетата и тоа само како истаканат приговор против барањето на продавачот да му се исплати цената.

## ЗАКЛУЧОК

Со предвидувањето на одговорност на продавачот за материјалните недостатоци на предметот на продажбата, Законот за облигационите односи во голема мера допринесува за гарантирање на правната сигурност во правниот промет и за целосно воспоставување и применувување на основните начела и принципи на облигационото право.

Имено, сметам дека одговорноста за материјалните недостатоци е инструмент преку којшто се воспоставува нарушената еквивалентност или еднаквост на заемните давања на страните во договорот за продажба и со тоа овозможува остварување на начелото на еднаквост на давањата како едно од основните начела на облигационото право. Па така, продавачите и купувачите да бидат повеќе заштитени во однос на купродажните договори, продавачите ќе одговараат за настанатите материјални недостатоци кој се во нивен домен, односно со гарантен лист за определен период ќе се гарантира исправното користење на производот.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

д-р Александар Николовски и д-р Снежана Плавшиќ, Трговско право, издадена во Скопје, 2005;

д-р Кирил Чавдар, Закон за облигационите односи – коментари, објаснувања, практика, предметен регистар, издадена во Скопје, 2001;

Закон за облигационите односи (Службен весник на Република Македонија број 18/2001, 4/2002, 5/2003, 84/2008, 81/2009, 161/2009 и 123/2013);

Еуген Клунцингер, Основи на трговското право, издадена 2011 година;

https://cig.com.mk/se-shto-treba-da-znaete-za-dogovor-za-trgovska-prodazhba/

Наталија Иванова, Обврските на купувачот во домашното и меѓународното право, магистерски труд, издаден 2014 година во Штип;

https://www.academia.edu/5200870/09._Posebni_obligacioni_dogovori

Дејан Мицковски, Склучување и престанок на облигациони односи, магистерски труд, издаден Кичево 2017 година;

http://opm.org.mk/wp-content/uploads/2017/12/Negovi_Prava_MK.pdf

д-р Борка Тушевска, скрипта по Трговско право, издадена на Универзитет „Гоце Делчев“ Штип, 2011 година.